# Ц Р В Е Н К Р С Т О Х Р И Д

**Предлог**

# И З В Е Ш Т А Ј
# за работа во 2019 година

**февруари 2020 г.**

## ВОВЕД

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2019 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2019 година.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и иницииравме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашата организација даде посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено-превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Најмладите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Бевме и во руралните средини и го учевме населението како да се справи со одредени здравствени предизвици кои се резултат на современиот живот.

Социјалните активности исто така беа суштински дел од нашата работа во изминатата година. Бевме со генерацијата во трето доба, бевме со децата на улица, со хендикепираните, со социјалните случаи, бездомниците, осамените...

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Работевме и дисеминација, спасување на вода и спасување на планина. Бевме активни во подигањето на свеста на населението за климатските промени и намалување на ризиците од катастрофи.

Нашите вработени и волонтери продолжија да бидат најблиските лица од доверба на кои може да смета населението во најразлични ситуации.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2019 та година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид во целост ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

### РАКОВОДЕЊЕ

Во текот на 2019 година беа одржани 13 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид,а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 2 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2020 г.

## ДИСЕМИНАЦИЈА и ПХВ

### ДИСЕМИНАЦИЈА

Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 200 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Славица Илиќ, Весна Терзиоска, Јованка Сион Доленц.

### НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ

Црвен крст Охрид со низа активности, под мотото IШто ви се допаѓа во Црвениот крст и Црвената полумесечинаν #ЉУБОВ го одбележа Светскиот ден и Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина. На 8ми мај најпрвин делегација на Црвен крст Охрид и Здружението IАнри Динанν од Струга како и делегација на Советот на општина Охрид придружувана од волонтерите на Црвен крст Охрид, положија свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан, основоположникот на движењето на Црвениот крст.

Најмладите од предшколските установи беа гости во Црвениот крст каде од страна на дисеминаторот Христина Кузмановска беа запознаени со мисијата на Црвениот крст, принципите на движењето и

активностите на Црвен крст Охрид. Во текот на Неделата на Црвен крст во факултетот за туризам и угостителство во Охрид се одржа традиционалната крводарителска акција на која својата хуманост дарувајќи ја драгоцената течност ја покажаа 21 крводарител. За успешноста на оваа акција придонесоа многуте првократни дарители.

**ЦКА-ПХВ циклус 2019**

Во рамките на Националната програма на Црвен крст на Р.Македонија, Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), која повеќе од 15 години се спроведува во Македонија, младите учат за културата како систем на вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество, и при тоа се поттикнати да бидат активни и да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата.

Во 2019 година во рамки на ПХВ циклусот на три последователни обуки беа обучени 41 младинци од средните и основните училишта во Охрид кои, предводени од дисеминаторот Мартина Ѓоршеска активно се вклучија во изработката на 6бмали проекти(плус уште еден заеднички) со кои помогнаа на повеќе од 100 лица.

**ЦКА-ПХВ Дефиле**

Во рамките на програмата Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), Црвен крст Охрид на ден 25.09.2019 г.организираше ПХВ дефиле за промоција на толеранција, мир и соживот.

Охриѓани сплотени под знамето на Црвениот крст и во знакот на хуманоста дефилираа низ охридските улици и плоштади, под мотото ІДЕФИЛИРАЈ, НЕ СЕ ФОЛИРАЈв. Луѓе од сите возрасти, бројни волонтери, лица со хендикеп испратија силна порака за хуманост, заедништво, слога, еднаквост, хармонија, толеранција, љубов и меѓусебна почит и разбирање, а волонтерите на Општинска организација Охрид им помагаа на лица со попречености и посебни потреби со цел да се поткрене свеста за нивната инклузија во општеството. На платото кај ІХоландскиот паркв се одржа и кратка забавно-едукативна програма во чии рамки се поделија и благодарници за волонтерите на Општинска организација Охрид вклучени во ПХВ програмата, циклус 2019. Активностите се одвиваат во рамки на одбележувањето на Неделата на ЦКА-ПХВ-Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности

**ЦКА-ПХВ програма - пехар за 2019 година**

ІЦрвен крст во акцијаЂПромоција на хумани вредностив (ЦКА-ПХВ) програмата од циклусот 2019 заврши. Од вкупно 150 проекти изработени од организации на Црвен крст во целата држава, њјабројни, најуспешни и оценети со највисоки оценки беа шесте проекти кои ги изработија 40 млади волонтери на Црвен крст Охрид со кои помогнаа на повеќе од 100 лица од ранливата категорија на граѓани од Охрид.

Највисокото признание Пехарот за 2019 година за ПХВ програмата оваа година му беше доделен на Црвен крст Охрид на свеченост која се реализираше на 20 јуни 2019 (четврток) во 12 часот во Центарот за култура ІГригор Прличевв во Охрид и на која присуствуваше раководството на Црвен крст на Р. Македонија, на општински организации од целата држава, претставници на Општина Охрид и други гости.

ІЦрвен крст во акцијаЂПромоција на хумани вредностив (ЦКА-ПХВ) е програма која веќе дваесетта година се имплементира во Македонија од страна на организациите на Црвениот крст. Целта е вклучување на младите во заеднички проекти за изградба на взаемно разбирање, толеранција и култура на дијалог како основен предуслов за создавање на интеркултурно општество.

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**НЕДЕЛА НА СРЦЕВО-САДОВИ ЗАБОЛУВАЊА**

**Превенција за здрав живот**

Во рамки на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Неделата на срцево-садови заболувања (21-28 февруари), на ден 25.02.2019 г. Црвен крст Охрид организираше едукативно предавање кое др. Даниела Чингоска од ЈЗУ Центар за јавно здравје-Охрид го одржа на корисниците и волонтери од Програмата Ђ Грижа за стари лица -вНајди времег.

### Светски ден на РЕТКИ БОЛЕСТИ

Црвен крст Охрид беше дел од кампања за Денот на ретките болести каде темата за оваа година беше в Ги запознаваме ретките болестиг. Волонтерите од Клуб на млади на Црвен крст Охрид во рамки на кампањата, на 22 февруари присуствуваа на филмот вЛицата на Лафораг на Институтот за филмска уметност, а после тоа беа дел од организирана забава каде сите ги боеја своите лица во поддршка на лицата со ретки болести. Настанот во Охрид беше организиран од граѓанскиот активист Гордана Лолеска со поддршка на општина Охирд, Институт за Филмска уметност, Супер Радио и други.

**Светски ден за борба против рак**

Во рамки на одбележување на Светскиот ден за борба против рак во просториите на Црвен крст Охрид на ден 11.02.2019г., др.Даниела Чингоска од Центар за јавно здравје-Охрид одржа предавање на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -вНајди времег .Целта на предавањето беше присутните да се запознаат со најголемите ризик фактори и како од истите треба да се заштитиме, рано откривање на болеста, хируршки зафат, добар третман и превенција која вклучува здрав начин на исхрана и здрав начин на живот.
Светскиот ден за борба против ракот, 4 февруари, е основан како иницијатива со која се зголемува свеста на светското население и како обид луѓето да се обединат со една цел Ђ борба против најсмртоносната болест што постои. Токму со таа цел, се говори гласно за оваа болест, се организираат кампањи и се организираат предавања за да се подигне свеста за оваа болест, да се работи на превенција, на нејзино рано откривање и да се размислува за соодветен третман.

**Светски ден на туберколоза**

По повод одбележувањето на Светскиот ден на туберколозата, во организација на Црвен крст Охрид на ден 10.04.2019 г., д-р Славица Петровска-специјалист пнеумофтизиолог од ЈЗУ Општа болница-Охрид одржа предавање пред пензионерките од Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца. Целта на предавањето беше да се споделат основните информации за оваа болест, симптомите, превенцијата и начините на лекување и да се подигне јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберколозата како и мерки за ставање крај на глобалната епидемија на оваа болест.

**Забоздравствена заштита**

На ден 24.04.2019(среда) се одржа едукативно предавање со волонтери од Клуб на млади од Црвен крст Охрид во соработка со ПЗУ "Др. Сашо Стоев" и стоматолог Кристина Стојаноска Алоска на тема Превенција и грижа за оралното здравје кај младата популација. Во рамки на предавањето, волонтерите добија совети за правилно одржување на хигиената како и четки и пасти за заби кои беа обезбедени од Црвен крст на Република Македонија.

**Светски ден на срцето**

На ден 28.09.2019 г. Црвен крст Охрид во соработка со Специјалната болница за кардиоваскуларни заболувања Ђ Охрид под мотото ІБИДИ ХЕРОЈ НА СВОЕТО СРЦЕв го одбележаа Светскиот ден на срцето организирајќи бесплатни здравствени прегледи на градскиот плоштад ІСв.Климент Охридски во Охрид за општата популација.

**Недела за борба против шеќерна болест**

Во рамки на одбележување на неделата за борба против шеќерната болест (10-16 октомври) во просториите на Црвен крст Охрид на ден 21.10.2019г., др. Др. Кристина Стојаноска Алоска одржа предавање на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -вНајди времегтема Здрав начин на живот и дијабет

**Ноември-месец на превенција од болести на зависност**

Црвен крст Охрид според годишниот календар на активности активно се вклучи во одбележувањето на месец Ноември на борба против болестите на зависност (алкохолизам, никотинизам, наркоманија).
Со цел да се подигне јавната свест и едуцираноста на населението на штетноста од овие болести, се насочивме кон одржување на едукативни работилници со Поњер поинт презентација. Одржани беа предавања пред волонтерите од Клуб на млади и во училишниот клуб основан од Црвен крст Охрид во ОУ вДебрцаг-подрачно училиште Мешеишта. Предавањата ги спроведе Д-р Соња Стурлакова Димовска, лекар и обучен предавач на темата Болести на зависност.

**Светски ден за борба против ХИВ/СИДА**

Под мотото IРОЦК ТХЕ РИББОН ТОГЕТХЕРвЦрвен крст на Охрид, Центар за јавно здравје Охрид и Опција Охрид  го одбележаа 1 декември, Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА. Волонтерите и вработените во овие организации на бројните посетителите на штандот, на околните кафулиња, на минувачите им делеа едукативен материјал, им ставаа црвени панделки на реверите како универзален симбол за постоењето СИДА-та како болест и како поддршка за оние кои живеат со болеста, ги едуцираа со корисни совети за начинот на превенција и заштита од ХИВ/СИДА, делеа кондоми, а во амбулантното возило на Црвен крст Охрид се вршеа бесплатни и доверливи тестирања на присуство на ХИВ вирусот во крвта. Активностите продолжуваат и во текот на Неделата на борба против СИДА од 1-7 декември 2019 со реализација на интерактивни едукативни работилници за младите, обука на врсничи едукатори за ХИВ/СИДА и тестирање за ХИВ статусот кај младата популација. И оваа година активностите се поддржани од организацијата Цанадиан фор Цхилдрен ат Хеалтх Риск од Канада. Овој настан беше и можност хуманите луѓе да донираат финансиски средства за помош во лекувањето на нашиот сограѓанин Тачо

**Недела на хигиенизација**

По повод одбележување на Неделата на хигиенизација(8-15 април), на ден 10.04.2019 г.  д-р Јованка Стурлакова Коровешоска од  ЈЗУ Центар за јавно здравје-Охрид одржа едукативно предавање со 55 волонтери од Клуб на млади од  Црвен крст Охрид за тоа како правилно да се одржува личната хигиена и здравите хигиенски навики кои не водат до подобро здравје.

**Светски ден за заштита на животната средина**

Промоција на здрави животни навики, прекрасно дружење, спортување, забава беше обележје на настанот на ден 28.09.2019 г,  во организација на Центарот за развивање на животни вештини при БОБ - Општинска организација Охрид, а организиран во рамки на светската кампања за зачувување на животната средина и климатските промени. Дел од децата кои ја следат Бреинобреин програмата, заедно со своите родители и тренерите на БОБ програмата, од настанот  испратија силна порака дека сакаат да живеат во  чиста, здрава и безбедна  животна средина.

**Врснички едукации за превенција од сексуално преносливи инфекции**

Во рамки на проектот вЗдравје во заедниците-врсничка едукација за превенција од сексуално преносливи инфекциигдвајца волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид беа дел од врсничка едукација на тема СПИ (Сексуално преносливи инфекции), начини на пренесување, видови и превенција од истите која се одржа во хотел Солферино од 22-24 декември 2018 година. По завршувањето на оваа обука на волонтерите им беше доделена задача да одржат работилници со цел да се поткрене свеста во граѓаните на оваа тема и истата да добие поголема вредност.

Обучените едукатори Гзим Демироски и Мартин Стојаноски во текот на месец февруари 2019 одржаа 6 вакви иницијални и дополнителни работилници со ученици од основните и средните училишт во Охрид. Имено, работилниците се одвиваа во просториите на ОУ „Ванчо Питошески" - с. Лескоец, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" (по две работилници), ОУ „Св. Климент Охридски" и СОСУ „Св. Кирил и Методиј" (исто така по две работилници) и беа вкупно опфатени 173 деца. Целта на  овие работилници е да се зголемат знаењата на адолесцентите на тема СПИ и сето она што таа го опфаќа, да се поттикнат децата да зборуваат меѓу себе и меѓу нив и своите родители на вакви, сеуште "табу" теми во нашето општество, односно целта е да се поткрене свеста општеството за да не ја занемарува оваа тема затоа што сексуално преносливите инфекции се многу позачестени во последно време.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2019**
Со реализирани 17 крводарителски акции и собрани 1293 крвни единици за 2019 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.

**17 март Денот на крводарителството во РМ**
По повод 17ти март,Денот на крводарителството и Денот на Црвениот крст на Македонија, во просториите на  Црвен крст жОхрид на 15ти март се одржа свеченост, на која беа доделени признанија на најзаслужните крводарители. На свеченоста присуствуваа и претседателката на Советот на општина Охрид, Живка Ангелоска и секретарот на општина Охрид, Игор Бежоски.

Претседателот на Црвениот крст Охрид, Сашо Точков, истакна дека крводарителството во Македонија е во подем. Самиот факт што во 2018 година беа планирани да се соберат 55 илјади крвни едници, а беа собрани 56 илјади крвни единици покажува за големата хуманост на нашите сограѓани.

Признанија, плакети и благодарници им беа доделени  на повеќекратни крводарители, поединци, фирми и институции кои придонеле за развој и унапредување на крводарителството во Охрид и Дебрца,а плакета за 50 пати дарувана крв доби охриѓанецот Борче Матески кој им порача на младите активно да се вклучат во хуманото семејство на крводарители, посочувајќи дека чувството е навистина големо и хумано и дека со дарување на скапоцената течност помагаме во спасување на човечки животи.

## ПРВА ПОМОш

Во текот на 2019 година беа реализирани 14 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 73 кандидати, како и 26 обуки по прва помош за кадидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 408 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации и за кандидати за возачи на моторни возила ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**48-ми ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ПРВА ПОМОШ**
48-от Општински натпревар по Прва Помош 2019 (ОНПП) во организација на Црвен крст на Република Македонија - Општинска организација Охрид , под мотото  *Биди херој, укажи прва помош*, се одржа на 4 мај 2019 година на повеќе локации низ централното градско подрачје. Подготовките со менторите и екипите од училиштата започнаа во месец февруари 2019 година. Сите екипи поминаа по 3 блок часа работа и вежбање и со волонтери-демонстратори по прва помош на Црвен крст Охрид.
Преку 70 млади организирани во 12 екипи на 5 пунктови низ градот ги презентираа стекнатите знаења, вештини и техники за укажување прва помош. Најуспешна, во категоријата подмладок беше екипата на ОУ Св.Климент Охридски, а во категоријата младина првото место и правото на учество на Државниот натпревар по прва помош, го освои екипата на ОСУ Кирил и Методиј.
За регуларноста на натпреварот и оценувањето на екипите се грижеа 19 судии (лекари, парамедици на Црвен крст Охрид), а за реалниот приказ на сценаријата и Іповредитев на пунктовите се погрижи тимот на млади на Црвен крст Охрид . Во овој циклус на подготовка на учениците, со активно учество на менторите од секое училиште и волонтерите-тренери и инструктори по прва помош на Црвен крст Охрид, со најновите знаења, техники и вештини за укажување на прва помош се здобија преку 300 млади. Во едукативниот и забавниот дел од натпреварот младите ги покажаа своите знаења за движењето на Црвениот крст и танцовите способности.

**СВЕТСКИ ДЕН ПО ПРВА ПОМОШ**
И оваа година со посебно внимание се фокусиравме на одбележувањето на овогодинешниот Светски Ден за Прва помош, ден за промовирање на знаењата и вештините за првата помош, за придонес во промените за проширување и подобрување на обуките за првата помош како хуманитарен чин и клучна компонента за еден посовремен и поширок пристап.

Темата на Светскиот ден за Прва помош бешевПрвата помош и маргинализираните лицаг. Во тие Црвен крст Охрид го одбележа Светскиот ден на првата помош на 14.09.2019 г. (сабота) на платото пред Центарот за култура IГригор Прличевв и Градскиот плоштад IСв.Климент Охридскив, каде во периодот од 10-12 ч. тимовите на парамедици на Црвен крст Охрид презентираа знаења и техники за укажување прва помош при различни повреди.

**Бројни обуки, показни вежби и ангажмани на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид**

Со основните знаења и вештини за укажување прва помош се стекнаа повеќе од 60 младинци на 5 работилници организирани од парамедиците и лидерите на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид.

Стекнатите знаења и вештини за укажување на прва помош тимовите за ПП на Црвен крст Охрид ги покажаа на бројните показни вежби за спасување и укажување на прва помош реализирани во соработка со повеќе субјекти: ТППЕ Охрид, СВР Охрид, Итна медицинска помош.

Повеќе од 60 ангажмани и преку 200 интервенции на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид при медицинското обезбедување на најразлични културно забавни манифестации, спортски настани, ноќни забави, концерти и фестивали бележиме во текот на 2019 г.

**Врснички обуки за прва помош за младите волонтери**

-Во периодот од 18-27 април 2019 година, четири волонтерки на Црвен крст Охрид кои во 2018 година, успешно ја поминаа обуката за парамедици според програмата ПХТЛС (Пре Хоспитал Траума Лифе Суппорт), обавуваат практична работа во Холандија. Црвен крст Охрид во соработка со Националниот здравствен сервис на Холандија, организираше две вакви обуки според европските стандарди и протоколи, во септември 2016 година и во месеците септември и октомври 2018. Волонтерите на Црвен крст Охрид претходно избрани според посебни критериуми од страна на инструктори-парамедици од Националниот здравствен сервис на Холандија во соработка со Црвен крст Охрид и Општинското средно медицинско училиште Св. Кирил и Методиј од Охрид, ги совладуваа најсовремените знаења, вештини и техники во справување со најсложени ситуации и интервенции на укажување на прва помош, третман и реанимација на повредени, кои со високо професионален пристап, најсовремена опрема и нагледни средства, им ги презентираа тројца инструктори парамедици од Националниот Здравствен Сервис на Холандија.

-Во текот на месец јануари- март во просториите на Црвен крст Охрууд се одвиваше Курс за прва помош што реализираа парамедиците и наши влонтери Тамара Танкоска и Бисера Николоска, каде 20 учесници успешно го завршија курсот.

- Во текот на месец ноември и декември во просториите на Црвен крст Охридц се одвиваше Курс за основна прва помош за волонтери што го реализираше парамедикот и демонстратор по прва помош и наш волонтер Георги Ставрески, каде 40 волонтери успешно го завршија курсот. Младите низ курсот се здобија со знаења и вештина да укажат прва помош во дадена ситуација и да се вклучуваат во тимовите за прва помош при Црвен крст Охрид

**Освежителни курсеви по прва помош за возачи**

Црвен крст Охрид во склоп на кампањата вТвоето незнаење чини животг , во текот на летнит период спроведуваше бесплатна кампања за освежување на знаењата по прва помош кај постоечките возачи. Целта беше да се освежат знаењата на возачите, да се подигне јавната свест за потреба од обезбедување на прва помош во сообраќајот во случај на незгода и да се влијае кај доносителите на одлуки во државата за потребите од унапредување на квалитетот и знаењата за прва помош во секојдневното живеење, со посебен акцент на возачите. Во тој период, со оваа кампања беа опфатени Градоначалникот, Претседателот и членови на советот и вработени во општинската администрација на општина Дебрца, вработени од Противпожарна единица Охрид и со советници од Општина Охрид, стенд ап комичарите Стрезо Стаматовски и Никола Тодороски, наставници од основните и средните училишта во Охрид и Дебрца, членови од спортски клубови од Охрид, вработени од СВР Охрид како и многу други заинтересирани граѓани кои сакаа да си ги освежат знањата за првата помош. Курсот го држеа обучени предавачи и демонстратори по прва помош.

**Пливачки маратони**

На 24.08.2019 год се одржа 33-то издание на Охридскиот пливачки маратон на кој што како и секоја година Црвен крст Охрид се вклучи со своја екипа за медицинските прегледи на пливачите, логистичка поддршка на маратонот како и медицинска поддршка во тек на целиот маратон каде што имаше и две интервенции.
Со свои екипи за прва помош и спасители на вода Црвен крст Охрид беше во поддршка и на Илинденски пливачки маратон Охрид 2019, Меѓународниот олимписки пливачки маратон на 10 км. на 10.08.2019, Европски куп во далечинско пливање на 10 км на 18.08.2019, како и на Ревијалниот ватерполо натпревар на Градското пристаниште на 7 и 8 септември 2019 г.

**Атлетски маратон**
На 08.09.2019 год се одржа 33-то издание на Меѓународен атлетски маратон од Свети Наум до Охрид во должина на 30 километри на кој што Црвен крст Охрид се вклучи со своја екипи за медицинска поддршка во тек на целиот маратон каде што имаше и неколку интервенции.

## СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

### НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА
Традиционалната хуманитарна акција за Денот и Неделата на борба против гладта 16-22 октомври и овој пат во соработка со Општина Охрид и со успешна реализација. На апелот за собирање на прехрамбени производи и средства за хигиена наменети за социјално најзагрозените семејства од Охрид се одзваа голем број училишта, фирми, институции, здруженија и поединци. Како резултат на покажаната хуманост на охриѓани и високата општествена одговорност на фирми и институции, како и лајонс клубовите Десарети и Деница беа собрани и набавени околу 3 тона прехрамбени производи и средства за хигиена и изготвени и поделени 280 хуманитарни пакети и беше помогнато на исто толкав број социјално загрозени семејства.

### ХУМАНОСТА НА ДЕЛО
Голем број хуманитарни настани, концерти, забави, изложби во организација на Црвен крст Охрид во 2019 имаа единствена цел да се соберат средства за најразличен вид на помош на ранливите категории на граѓани.Во подготовката и реализацијата на овие хуманитарни настани учествуваа волонтери од сите возрасти и програми на Црвен крст Охрид кои со својата креативност, вештини и посветеност допринесоа за успешност на акциите. Секако, во реализација на хуманитарните настани ја истакнуваме и вклученоста и поддршката на бројните охридски музички ѕвезди. Средствата собрани во собирните каси на Црвен крст Охрид придонесоа за радосни Новогодишни празници да имаат и децата од ранливите категории во Охрид.

### НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ
Црвен крст Охрид ја одбележа Неделата на солидарност 15-21 април под мотото вВашиот прилог-значајна помошг. Во текот на неделата беа организирани и спроведени активности кои ни беа дадени како препораки - посетени домови, собирни штандови во маркети и плоштад, медиумска покриеност, анимирана широка популација на граѓани , фирми , институции и училишта.
Беа вклучени 30 волонтери од Црвен крст Охрид кои што посетија 100 домови, 60 семејства беа донатори и вкупно се донираа и се собраа 250 кг. храна, 100 кг. хигиенски производи, 1800 кг. облека, 350 пара обувки и сл., од кои се поделија вкупно 30 пакети со храна и хигиенски производи, ќебиња, детски пелени, играчки, обувки, облека и др.

### ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА
Програмата на грижа за стари лица на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 20 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршка на старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид. делеа едукативни материјали - флаери за здравиот начин на живот и правата на социјална заштита на старите лица.
-На ден 06.02 волонтерите од програмата -Грижа за стари лица вНајди времег од Црвен крст Охрид ги посетија своите корисници по повод прославата на 70 години брак. Душан и Костадинка Лошкоски од с. Оровник, во прекрасна атмосфера, опкружени со своите најблиски-три сина, 6 внуци и 12 правнуци, но и со

волонтерите на Општинска организација Охрид ја одбележаа годишницата од својот брак.Последниве две години во животот на Душан и Костадинка е исполнет и со најразлични активности и дружења во Општинска организација Охрид со волонтерите-нивни врсници од Програмата на грижа за стари лица, што им дава посебен смисол и исполнетост во животот, за што изразуваат голема благодарност до Црвен крст Охрид.

- На ден 15. 02. 2019 волонтери од Клуб на млади и од програмата Грижа за стари лица вНајди времег при Црвен крст Охрид во соработка со акцијашите од вБрег на младостаг Охрид, ГЛОЊ/SMЛП цлуб од Мировен корпус и Здружението на жени вБисераг, се вклучија во акција за хортикултурно уредување на дел од дворното место на средното економско училиште "Св. Кирил и Методиј". Проектот вГрадината на нашето училиштег кој беше инициран од волонтер од Мировен корпус во кој се вклучени и волонтерите на Црвен крст Охрид е спој на меѓугенерациска и општокорисна корисна работа во заедницата
- На ден 21.12 во организација на Програмата за грижа на стари лица IНајди времев при Црвен Крст Охрид, во просториите на Здружението на пензионери се оддржа празнична меѓугенерациска средба.Младите волонтери на Црвен крст Охрид читаа литературни творби на теми IЕднакви сме ситев и IТоплите прегратки на баба и дедов. Дружбата ја зх богатија прекрасните изведби на Фолклорниот ансамбл БИСЕРИ во кои уживаа бабите, дедовците, пензионерите и родителите!

**Меѓународен ден на стари лица**

Црвен крст Охрид, во рамки на активностите на Програмата грижа за стари лица IНајди времев, за општините Охрид и Дебарца се вклучува во одбележувањето на Први октомври, Меѓународниот ден на старите лица, воспоставен од страна на Обединетите нации во 1990 година, како потреба, внимание и однос кон големиот број на стари лица во целиот свет. Според официјалните податоци сегашната бројка на стари лица во светот е речиси 700 милиони, со процена за 2030 година од 901 до 1,4 милијарди, а во 2050 година, 2 милијарди луѓе над 60 години, или, 20% од сетската популација ќе бидат во категоријата на стари лица. Овој тренд е присутен, особено во Европа, нашата држава и општините Охрид и Дебарца.

Ова година, тематски беше поврзана со изнаоѓањето на можности за справување со присутните нееднаквости кај популацијата на стари лица, особено од социјален, економски и политички карактер, и мерки за спречување и елиминирање на такви појави и состојби во општеството и заедницата, како дел од Агендата 2030 на ОН за намалување на нееднаквостите, преку мерки на недискриминација и промовирање на активна вклученост на сите, без разлика на возраст, пол, попреченост, раса, етничка припадност, религија, економски или друг статус.

Имајќи ги во предвид целите за привлекување внимание кон присутните појави на нееднаквост, подигнување на јавната свест за спречување на такви појави и, соодветни мерки за истражување на можностите за доживотно учење, активна вклученост во општествените текови и обезбедување на социјална и здравствена заштита, подготвена е соодветна програма за одбележување на овој значаен ден.

По тој повод, на ден 30.09.2019 (понеделник), во 11 ч. со присуство на возрасни волонтери на Црвен крст Охрид од Програмата грижа за стари лица, корисници на програмата, соработници и други поканите, од локалната самоуправа и други организации и институции, се одржа информативно-едукативна работилница на тема IОткривање, евиденција и спречување на нееднаквости кај старите лица во нашата срединав, промоција на креативни постигнувања на старите лица, читање поезија, проза, ликовни творби и свечено доделување на благодарници и признанија на волонтери и лица помагатели и соработници на активностите за грижа и активна вклученост на страите лица во нашата заедница.

**Недела на грижа на стари лица**

Во рамки на одбележување на вНеделата на грижа на стари лицаг(18-24 ноември) Црвен крст Охрид под мотото вСите сме нивни децаг со бројни активности ја одбележа Неделата.

На 19.11 беа посетени болни и изнемоштени стари лица во рурални населби во општините Охрид и Дебарца од страна на тим на стари и млади волонтери и професионалци на Црвен крст и стручни медицински лица, со цел, за комуникација, разговори, процена на општа и здравствена состојба и потреби, проверка на притисок, тест за дијабет и превентивни препораки;

На 20.11. беа посетени и им беа поделени хранливи производи на старите лица во геријатрискиот оддел при Медицински центар Охрид, создадени во Градината на заедницата во Охрид, од страна на членови на Програмата за грижа за стари лица ІНајди времеІ при Црвен крст Охрид, здружение, жени ІБисераІ Охрид, здружение ІБрег на младостаІ Охрид, средното училиште ІКирил и МетодиІ Охрид, и, други субјекти, подржано од Американскиот мировен корпус и УСАИД. Исто така дента беа посетени и посетени старите лица од програмата вНајди времег и им беа направени превентивни здравствени прегледи (ЕКГ, гликоза, крвен притисок).

На 21.11 се организираше меѓугенерациска средба во Здружението на пензионери на Охрид и Дебарца во која пензионерите и младите волонтери од Клуб на млади при Црвен крст Охрид се дружеа преку заеднички игри(шах,табла,пикадо,цртање..). Целта на оваа дружење беше да се поврзат младите и старите и да се развие меѓусебно разбирање и почит.

Во рамки на активностите посветени на Неделата за стари лица (18 до 24 ноември), Клубот за грижа за стари лица при Црвен крст Охрид гНајди времегобјави литературен и ликовен конкурс на тема ІЕднакви сме ситев каде учествуваа учениците од основните и средните училишта на општините Охрид и Дебарца. На ден 22.11. на свечен настан, по преглед и предлог на стручни комисии, се доделија награди, признанија и благодарници.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**
Црвениот крст на Република Македонија изминатите години активно дејствува на полето Трговија со луѓе со акцент на подобрување на превенцијата на трговија со луѓе во земјата преку зајакнување на капацитетите и подигање на свеста кај младата популација за сите форми на трговија со луѓе.
По повод одбележување на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓена ден 18.10.2019 (петок) од 12 часот на Градскиот плоштад во Охрид, Црвен крст Охрид, организираше јавен настан на кој волонтерите на Општинска организација Охрид изведоа сценарија на реален приказ за тоа што може да се случи на лице кое може да биде дел од трговијата со луѓе. Целта на овој настан беше на овој ден да се поттикне нивото на свест во јавноста за опасностите и ризиците кои ги носи проблемот на трговија со луѓе.

**Традиционален Предновогодишен ручек**
Традиционално, хуманитарен предновогодишен ручек и прекрасна забава за семејствата кои живеат во социјален ризик од Охрид приредија Општина Охрид-Градоначалникот на Охрид, Црвен крст Охрид и средното угостителско училиште ІВанчо Питошескив, со поддршка на Ротари клуб Охрид и Фото Рекс Охрид. Присутните ги поздрави Градоначалникот на Охрид Г-дин Константин Георгиевски посакувајќи им Среќна Нова 2020 година, здравје, радост и успех. А најмладите не го криеја задоволството и радоста од дружењето со Дедо Мраз и благодарноста за новогодишните пакетчиња и новогодишните честитки изработени од волонтерите на Црвен крст Охрид. На предновогодишниот ручек присутни беа и дечињата со посебни потреби кои се дел од Здружението на родители на деца со посебни потреби. Неколку дена претходно, истите дечиња заедно со волонтерите од Клуб на млади одржаа новогодишна работилница за изработка на честитки, Дечињата изненадија со нивната кративност и уште една докажаа дека сречата е во малите нешта.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**
Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Бесплатен одмор за деца од социјален ризик**
Во организација на Министерсто за труд и социјална политика на децата од семејствата со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток им беше овозможено бесплатен одмор и рекреација во Детското одмаралиште ІБегова Корија в-Крушево во периодот од 13-18.01.2019 година .За време на зимскиот одмор и рекреација се ангажира волонтер од Црвениот крст Охрид кој се грижеше за децата од самото тргнување до враќање на децата во своите градови, Валентина Караѓуле Модева. За четвртата смена на бесплатениот одмор на деца во одморалиштетоІМајски Цветв Ђ Струга во период од 23-29.07.2019 година беше ангажарина волонтерот Ефимија Крежеска.

**Хуманитарна продажба**

Во рамки на своите хуманитарни активности Црвен крст Охрид во соработка со компанијата Комфи Ангел од Прилеп организираше хуманитарна продажна акција на високо квалитетните производи на оваа реномирана компанија, која се реализираше на 20.04.2019 (сабота)на плоштадот ІКрушевска Републикав (Чинар). Во периодот од 9-17 ч. беа изложени познатитепроизводи на Комфи Ангел, постелнини, перници, јоргани, душеци и др., а посетителите имаат можност истите да ги набават по симболични, промотивно-хуманитарни цени. Дел од средствата собрани од продажбата на производите ќе бидат наменети за помош во реализација на новиот спортски потфат на нашиот херој Марко Пејчиновски.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2018**

Центарот за безбедност на вода Охрид, во соработка со Одделот за дејствување при катастрофи на Црвен крст на Македонија организираше обука за спасители на отворени води во период од 03.07-10.07.2019 на Охридско езеро каде беа обучени 14 спасители на вода. Обуките се реализираа под водство на инструкторите и демонстраторите: Марио Брзачки , Петре Петрушевски Али Самет, Илија Попов , Панче Игнов, Дејан Јонузовски, ЕрдоганМемеди, Александар Ацев,Живко Богоески, МартинЛечоски, Никола Докоски.

**Ангажмани 2019**

Центарот за безбедност на вода Охрид во 2019 година, односно во текот на летната туристичка сезона имаше ангажирано 35 спасители на вода, кои се грижеа за безбедноста на посетителите на 16 капалишта на Охридското езеро и 4 базени. За време на двомесечниот ангажман спасителите на вода имале вкупно 1174 интервенции и тоа 7 пати интервенирале на извлекување на активни давеници, и 973 интервенции на укажување прва помош.

Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Илинденски пливачки маратон, Меѓународен пливачки маратон, Атлетски маратон, Охрид траил, Едриличарска регата, музички настани на Охридските ноќни клубови и капалишта...

**Единицата за спасување на планина и непристапни терени**

-Ангажманите на Единицата за спасување на планина и непристапни терени пред се беше фокусиран на активностите предвидени со реализацијата на проектот ІРегионот Охридското езеро-безбедна дестинација за авантуристички туризамв кој е финансиран од Европската Унија, ИПА 2 програма за прекугранична соработка, а го спроведува Црвен крст Охрид.

- Во рамки на проектот ІРегионот охридско езеро Ђ безбедна дестинација за авантуристички туризамв, финансиран од Европската унија, преку ИПА програмата за прекугранична соработка и Министерството за Локална Самоуправа, кој го спроведува Црвен крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид на ден 19.02.2019г. во пресрет на претстојната туристичка сезона беше објавен и промовиран новиот скратен број 13 112 за СОС повици кон Планинската спасителна служба кој за прв пат се воведува во Македонија и може да се повикува од сите мобилни и фиксни оператори во земјава. На СОС бројот граѓаните од сите национални мрежи ќе можат директно да се обратат до Планинската Спасителна Служба, која делува на територијата од општините: Охрид, Струга, Дебарца, Вевчани и Ресен. Отворањето на скратениот број е една од мерките за зголемување на ефикасноста, кои во следниот период ќе бидат имплементирани во рамки на овој проект. Со отворањето на оваа линија, за прв пат, во еден регион од државата се воведува ваква пракса за директен контакт со Планинската Спасителна Служба при несреќи на планина

-На ден 23.02.2019 г. во Поградец, Албанија во присуство на Евроамбасадорот во Албанија Г-дин Луиги Сореца, претставници на Владата на Р.Албанија, Градоначалникот на Поградец, претставници на Федерацијата за спасување на вода од Албанија, претставници на Националниот центар за животна средина, туризам и одржлив развој од Албанија како партнер на проектот и секако членовите на Спасителната служба на Црвен крст Охрид, беше презентирана дел од опремата за безбедност на вода набавена во рамки на проектот и наменета за албанската страна, со цел воспоставување на безбедни услови за капење, спорт и

рекреација на Охридското езеро од албанска страна според меѓународни стандарди. Во таа насока беа претставени и новите 20 спасители на вода обучени во Албанија и се најави обука на уште 20 спасители на вода во месец јуни, кои овогодинешната летна сезона ќе се грижат за безбедноста на посетителите на албанските капалишта на Охридското езеро. Од страна на координаторите на проектот присутните беа запознаени со досега реализираните активности во рамки на проектот, а се потенцира неопходната потреба од продлабочување и проширување на прекуграничната соработка во делот на безбедност на вода и безбедност на планина, за што поддршка најави и претставникот на Делегацијата на Европската Унија во Албанија.

-Волонтерите на Црвен крст организација Охрид заедно со членовите од Единица за спасување на планина во периодот кога градот го зафати студениот бран по дојава на жители од околните рурални средини во неколку наврати ги посетија и им дистрибуираа прехранбени и хигиенски производи како и лекарства, кои не беа во можност самите да ги набават поради големата снежна покривка.

-На 26.05.2019 година, во 20:25ч. Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид, преку СВР Охрид доби дојава дека, на територијата на НП Галичица, изгубени се две лица, странски државјани. Оперативниот центар на ПСС веднаш ги алармира волонтерите, стапи во контакт со изгубените и со помош на ГПС координатите од нивниот мобилен телефон, ја одреди нивната локација, на 1,5км југоисточно од с.Пештани, по што започна акцијата за нивно безбедно извлекување. Поради тешко пристапниот терен и густата вегетација на тимот му беа потребни 2 часа и 30 минути за пристап до лицата и уште околу 2 часа за нивна безбедна евакуација. Акцијата заврши рано утрото на 27.05.2019г. 30 минути по полноќ.

-Еден голем сон, долг 15 години кој будно го сонувавме заедно со една генерација волонтери, ентузијасти, планинари, алпинисти и членови на Единицата за спасување на планина и непристапни терени при Црвен крст Охрид, се оствари и стана реалност. Сон проткаен со многу предизвици, амбиција, желба, ентузијазам, посветеност, упорност, макотрпна работа, воден од една, единствена цел да се помогне на оние на кои помош им е најпотребна во планинските средини и непристапните терени, што всушност претставува и дел од мисијата на хуманитарното движење на Црвениот крст.
Во рамки на проектот IРегионот Охридско езеро безбедна дестинација за авантуристички туризамв финансиран од ИПА  програмата за прекугранируучна соработка на Европската унија, Црвен крст Охрид како носител на проектот изгради Центар за спасување на планина опремен со најсовремена опрема за спасување во планина и непристапни терени, која ќе биде на располагање на 30 спасители на планина од Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид. Со овој проект се формира и опреми служба за спасување на вода во Поградец, Албанија со што безбедноста на вода се заокружи по целата должина на Охридското езеро, имајќи ја во предвид досегашната активност и делување на Службата за безбедност на вода на Црвен крст Охрид на македонската страна од Охридското езеро.
На свеченоста по повод отворањето на Центарот за спасување на планина пред голем број присутни претставници на бројни државни и јавни претрпијатија, институции, агенции, градоначалници, свое обраќање имаа Претседателот на Црвен крст Охрид Г-дин Сашо Точков, Градоначалникот на Охрид Г-дин Константин Георгиески, Министерот за Локална самоуправа на Р.Северна Македонија Г-дин Горан Милески Амбасадорите на Европската унија во Р. Северна Македонија Г-дин Самјуел Жбогар и во Р.Албанија Луиџи Сорека, и Претставникот на Министерството за Европа и надворешна соработка на Р. Албанија Г-ѓа Даниела Чекани. Потенцирајќи ја важноста на безбедноста на локалното население кое гравитира кон планинските средини, а особено на туристите кои во се поголем број ги посетуваат природните убавини во регионот на општините Охрид, Струга, Дебрца, Вевчани и Ресен, сите говорници се согласија за корисноста од овој проект за пошироката заедница и потребата од поголема вклученост на општините со конкретна поддршка и помош во одржливо функционирање, развој и унапредување на Планинската спасителна служба.
После отворањето на Центарот се одржа панел дискусија на која претставници на надлежни институции поврзани со спасување дискутираа за сегментот на координирано делување и користење на ресурсите на ПСС при Црвен крст Охрид.

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**

Во 2019 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

### МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА

Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени вонајголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални, совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

### Бројни активности на младите

Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

### Недела на млади

Во период од 01-07 октомври под мотото ИНФЛУЕНСИРАЈ-ВОЛОНТИРАЈ се одбележуваше Неделата на Клуб на млади на Црвен крст на Република Македонија. Во рамки на Неделата на ден 5ти октомври од 12ч на градскиот плоштад младите волонтери од Црвен  крст Охрид.јавно ја презентираа работата и активностите на клубот, посебен акцент давајќи на неформалното образование и негување на хуманите вредности. Ова беше одлична можност за нашите млади сограѓани на Градскиот плоштад во Охрид да го посетат штандот на Црвен крст Охрид и дознаат повеќе за можностите за вклученост и учество на младите во општествено одговорните проекти и програми и начините за морално-етичко надградување на своите личности. Младинците уживаа во младоста, дружењето и забавата организирана од младите волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид . Неделата на млади на Црвен крст е недела каде сите клубови на млади на општинските организации на Црвен Крст на Република Северна Македонија ги промовираат активностите и регрутираат волонтери.

### Избори млади

-Младите од Клубот на млади Црвен крст Охрид на 12 мај во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во Велестово се подготвуваат за избор на лидер и заменик лидер на Клубот на млади кои во наредните две години ќе ги координираат и предводат активностите на младите во Црвен крст Охрид. Со примена на посебно осмислени алатки и техники ќе се поттикнуваат и оценуваат креативноста, лидерството, организациските вештини и тимската работа, по што ќе се оценуваат најдобрите, за понатака во соодветен изборен процес да се избере лидер и заменик лидер на Клубот на млади на Црвен крст Охрид во период од 2019 до 2021 година.

-Масовно, демократски, во позитивна атмосфера младите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид на 23.05.2019г. организираа изборен процес каде  избраа Лидер и Заменик Лидер на Клубот на млади, координативно тело и претставник од Клубот на млади од Црвен крст Охрид во Советот на млади на Црвен крст на Република Македонија. Во наредниот двегодишен мандат Анастасија Стојаноска и Гзим Демироски ќе ги предводат младите на Општинска организација Охрид во спроведување на хуманата мисија на движењето, во справување со нови предизвици, надградувајќи се себеси и заедницата и помагајќи на оние на кои помош им е најпотребна. Упатуваме честитки на избраните Лидер и Заменик Лидер на Клубот на млади, на членовите на координативното тело и на претставникот од Клубот на млади на Општинска организација Охрид во Советот на млади на Црвен крст на Македонија.  Воедно изразуваме голема благодарност и

признание на ангажманот и посветеноста на мисијата на движењето на Црвениот крст на досегашните Лидер, Бисера Николоска и Заменик Лидер, Ристе Лекоски. Црвен крст Охрид

**Училишен клуб**

Учениците од општина Дебрца покажаа голем интересн за волонтерството, активностите н Црвен крст Охрид и изразија желба да помагаат, па затоа Клубот на Малди при ООЦК Охрид одлучи да отвори училишен клуб. Преку клубот во ОУ Дебрца ПУ Мешеишта учениците ќе се социјализираат, ќе имаат активности надвор од училиштето, ќе научат нови работи и ќе стекнат многу вештини

**Хуманитарни забави**

-Во организација на Црвен Крст Охрид, на ден 14.02.2019 по повод Денот на вљубените „Св.Валентинее се спроведе активност од хуманитарен карактер. Волонтерите од Клуб на Млади се собраа и заедно препакуваа и украсија чоколадни срциња кои беа продавани низ кафичите во Охрид по симболична цена. Средствата собрани од оваа акција ќе бидат наменети за хуманитарни цели.

-Во текот месец април-јуни се одржаа голем број хуманитарни акции за собирање на финансиски средства за 2 годишната Мила Димоска која боледува од дистрофија (оштетување на мозокот), а за која и претходно се органнизираа вакви акции.

Во текот на месец јули се одржаа хуманитарни акции за собирање на финансиски средтсва за 22 годишниот Мартин Стојаноски кој пред неколку месеци во тешка сообраќајна несреќа се здобил со тешки телесни повреди, поради кои сега се наоѓа во инвалидска количкаи за когоитно се потребни средства за лекување во Москва,Русија.

-Во текот на месец октомври и ноември се одржаа голем број хуманитарни акции за собирање на финансиски средства за помош на 33 годишната Јана Арсовска која боледува од многу редок карцином, адултен неуробластом за чие лекување двапати била трансплатирана со коскена срж со поддршка од ФЗО, а подоцна била лекувана во Фленсбург, во Германија. Волонтерите од Црвен крст Охрид одржаа бројни хуманитарни свирки, собираа донации и на улиците во Охрид, а собирни каси на Црвен Охрид беа поставени во голем број маркети, кафулиња, ресторани.

На ден 11 и 12 октомври во период од 11-16 часот голем број охриѓани ја покажаа својата хуманост донирајќи во собирните каси на Црвен крст Охрид, на хуманитарен настан за помош на Јана кој во организација на Општинска Црвен крст Охрид и Орифламе се одржа на Градскиот плоштад ІСв.Климент Охридскив. За возврат, дел од нив од тимот на Орифламе добија тестирање и целосна, професионална анализа на кожата со Апи апарат како и третман на лице со соодветна НОВАГЕ колекција, а дел се забавуваа со волонтерите на Црвен крст со добра музика и конзумирање на производите на Рондо трејд, сокови, кафе, топло чоколадо и друго. Присутните ја искористија оваа можност за анализа на својата кожа на чувствителност, брчки, акни, меланин, пори и др., но и да ги вкусат производите од ресторанот Лихнидос и пијалоците на фирмата Рондо трејд кои се вклучија во оваа хуманитарна акција. Средствата собрани од овој настан беа наменети за помош во лекувањето  помошна нашата сограѓанка Јана Арсовска.

Под мотото "Со читање до хуманост" на ден (09.11.2019) година се одржа голем хуманитарен настан во игротеката "Вања". Настанот беше заедничка соработка помеѓу тимот на игротеката "Вања" и родителите и тимот волонтери од програмата на Црвен крст н Охрид- "Време е за книга - Сторѕ Хоур". Родителите на децата вклучени во оваа програма активно учествуваа во иницирањето, организирањето и имплементацијата на овој настан, на кој околу 70 дечиња се вклучија во помалите групи каде се читаа книги на македонски и англиски јазик. Заедно ја слушаа приказната за малата и гладна гасеница, пееја песни и ја проследија куклената приказна за другарството.Собраните средства беа наменети за лекување на Јана Арсовска и веднаш беа предадени на семејството!

-Во текот на месец ноември и декември се одржаа голем број хуманитарни акции за собирање финанасиски средства за помош на 30 годишнио Трајан Целески Ђ Тачо, кој  има тумор на мозокот , за  кој што и пред две години се организираа вакви акции.

Во овој период  беа организирани натпревари по пинг понг, ракомет, фудбал, проекција на филм во факултет вСв. Апостол Павлег, и голем број хуманитарни свирки и караоке забава. Активностите по повод Неделата на

борба против Сида кои се одвиваа на градскиот плоштад Охрид беа исто така беа можност хуманите луѓе да донираат финансиски средства за помош во лекувањето на Тачо.

**Учество на кампови и меѓународни средби**

-Во рамки на програмата за млади, двајца претставници на Клубот на млади на Црвен крст Охрид, Гзим Демироски и Анастасија Стојаноска учествуваа на младинскиот камп во организација на ЦКРСМ кој се одржа од 26.06-05.07.2019 во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во Велестово, на кој што присуствуваа вкупно 65 учесници. Кампот имаше за цел да ги обучи новите лидери на Клубовите на млади како да ги водат волонтерите во нивните клубови и како да организираат и реализираат активности во нивната заедница. Беа опфатени повеќе теми кои постепено се обработуваа во 2 различни групи, меѓу кои едната работеше генерално за Клубовите на млади, додека другата поспецифично се задржа на формата на работа во училишните клубови. При тоа и двете групи се задржаа на темите Заедниците и ООЦК, Мобилизирање на заедница, Волонтирање, Ранливо население, Грижа за волонтери, Раководење и функционирање на клубови на млади/училишни клубови, Активности на клубови на млади/училишни клубови и што претставуваат младите во ЦК, Покрај тоа на сите Клубови им беше посветено посебно време и внимание за да ја евалуираат работата на својот клуб, да ги сумираат информациите од кампот и како истите да ги применат во нивниот клуб, при што на крајот добија задача да реализираат одредени активности во наредните 5 месеци, увидени како потреба во нивната ООЦК

- Во периодот од 19.04-21.04.2019 на покана на Црвен крст Крагуевац (Р.Србија) на младински средби учество од Црвен крст Охрид зедоа тројца волонтери Гзим Демиров, Емилија Мојсоска и Мартин Стојаноски

- Во периодот од 22.07-25.07.2019 на покана на Црвен крст Струмица на младински камп на планината Беласица учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери Василија Јовчески и Ивана Грданова.

- Во периодот од 07.08-09.08.2019 на покана на Црвен крст Велес на младински камп кај манастир св.Илија учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери Гзим Демиров и Климент Шиникоски

- Во периодот од 20.08-23.08.2019 на покана на Црвен крст Виница на младински камп во с.Лаки учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери Мила Василеска и Марија Трпеска

- Во периодот од 20.08.2019 до 25.08.2019 на покана на Црвен крст Суботица (Р. Србија) на Меѓународниот младински камп организиран за млади волонтери од регионот учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери и Емилија Наумоска и Мила Ложанкоска

-Во периодот од 27.09.2019 до 29.09.2018 на покана на Црвен крст Ужице (Р. Србија) на Годишните Младински средби БРЕ 2019 организирани за млади волонтери од регионот учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери и Христијан Пендикоски и Теодора Љаткоска.

- Во периодот од 17-23.06.2019 тројца волонтери од клубовите на млади при ООЦК Охрид, ООЦК Битола и Црвен крст на град Скопје присуствуваа како делегација на младиндиска конференција во Солферино, Италија.

Заедно со млади волонтери од 130 држави имаа можност меѓусебно да запознаат, споделат искуства, да научат едни од други, да го посетат интернационалниот музеј на Црвен крст и Црвена полумесечина, како и да учествуваат во дискусии на работилниците за програмите У.Е.С, ИФЦР С2030, SАБЦ, Цлимате цханге, Субстанце Абусе, Воицес фром Солферино Леадерсхип. Тука е и панел дискусијата со Претседателот Франческо Рока и Генералниот секретар на Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечинаи, Елхадј Ас Cs на која младите имаа можност да се запознаат со нив и да им постават прашања. Фиаццолата која е огромен настан во кој што младите заедно со 7000 волонтери од цел свет одеа по патот по кој се движеле сестрите кои им помагале на ранетите војници од битката меѓу Француската и Австриската војска, од Солферино до Кастиљоне, кој се случи на крајот на кампот. На одржаните работилници се зборувало за проблемите на кои ќе се фокусира Црвен крст до 2030 година, врснички едукации, регрутирање и мотивација на нови волонтери, ментално здравје меѓу младите и што ние како организација може да направиме, лидерство, и тимска работа, соработка меѓу Националните друштва и др. Имало и интернационална вечер каде што ја претставиле нашата држава и нашето Национално друштво пред учесниците и каде нашите волонтери ги споделиле нивните активности.

-Во период од 20-22 ноември на покана на ЦКРСМ на  Академија за млади од Црвен крст Охрид учество од Клубот на млади зеде еден волонтерод Клуб на млади, Анастасија Стојаноска
-Традиционално и оваа година волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид ја организираа хуманитарната акција ІДаруваме радост за првачињатав која имаше за цел да се собира училишен прибор или финансиски средства со кои се набави училишен прибор за првачињата од социјално загрозените семејства од Охрид и Дебрца. На 19.09.2019г. на 60-тина првачиња во основните училишта во општините Охрид и Дебрца, им беа доделени пакети со училишен прибор обезбедени преку хуманитарни акции реализирани во изминатиот период.
Акцијата ІДаруваме радост на првачињатав младите волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид ја реализираа со средства собрани со свирење и пеење на плоштад и со поставени кутии за донација на прибор во сите книжари како и во просториите на Црвен крст Охрид.

-На ден 17.07.2019 на редовниот состанок на Клуб на млади беа доделени скромни персонализирани подароци на 40 волонтери-матуранти при Црвен крст Охрид. Овој настан се случува трета година  по ред и има за цел да го уважи трудот  на волонтерите кои заминуваат на студии но во текот на нивното волонтирање во Општинска организација Охрид дале огромен придонес за креирање, развој и унапредување на програмските содржини. На волонтерите-матуранти им беа доделени шолји со нивна слика од акција најдрага за нив носејќи ја униформата и амблемот на Црвен крст. При врачувањето на подароците, секој од волонтерите имаше можност  од другите да слушне за себе позитивни работи за својот ангажман во рамките на Црвен крст, за позитивниот пример кој го давал на помладите волонтери и за животното искуство кое ќе го понесе од периодот на волонтирање. Подароците ги врачија Јованка Сион Доленц и Весна Терзиоска, долгогодишни волонтери, едукатори и мотиватори, кои работат со младинците вклучени во повеќето програмски активности на Црвен крст Охрид. На состанокот присуствуваа членови од сегашното и поранешното раководство на Клуб на млади, стручната служба и многу волонтери кои дополнително беа мотивирани од емотивните говори на нивните повозрасни пријатели.

**ЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВО**
Во организација на Црвен крст Охрид на градскиот плоштад во Охрид на 21.09.2019г. по 11ти пат се одржа традиционалната хуманитарна и спортско-рекреативна акција вЗа посреќно дествог. Настанот се реализира во соработка со Асоцијацијата на спортови ІСпорт за сите-сите за спортв и Сојузот на училишен спорт, а традиционален партнер на акцијата е  Стоматолошки Центар Д-р Баткоски.

Учество на овој настан се обезбедуваше со купување на учеснички број кој чинеше 30 денари, а средствата собрани од продажбата на учеснички броеви за акцијата и со обезбедување на прилози од спонзори и донатори, се наменети за помош на децата од социјално загрозените семејства во Охрид и Дебарца

Целта на оваа акција  е промовирање на спортскиот дух меѓу младите преку нивно учество во различни спортско-рекреативни содржини, како и подигање на свеста кај нашите сограѓани за солидарност, хуманост и пружање на потребната помош на оние кои се соочуваат со социјални и здравствени потешкотии. Акцијата започна со градска трка по улицата Македонски Просветители за да продолжи со натпревари во бројни спортски дисциплини: фудбал, баскет, бадминтон, шах, вртење хулахоп, топкање топка, скокање со јаже, пикадо, возење велосипед, ракомет. За забавата се погрижија најмладите од детските градинки во Охрид, распеаните Рибарчиња, а спортскиот дух во ритамот на музиката го одржуваше аеробик сесијата со инструктор од ИБ фитнес. На градскиот плоштад свое катче имаше и програмата на Црвен крст Охрид ІВреме е за книга-Цхилдрен сторѕ хоурв , ІБреинобреинв и вЈога Смеаг.

Црвен крст Охрид, Стоматолошкиот центар Др. Баткоски и помагателите на оваа акција се погрижија за бројни награди за сите победници во спортските натпревари, но и за сите учесници на овој настан и за една убава забава за сите деца, со куклена претстава, со пантомимичари, штулари и многу други интересни содржини. Сите оние кои купиле учеснички бројво изминатиот период учествуваат во големата наградна игра со преку 50 вредни награди кои ќе бидат извлекувани во втората половина на месец октомври (седумдневно зимување на Златибор, петдневен престој во Суботица, викенд во Крушево, курсеви за странски јазици, компјутерска галантерија и др.), а средствата собрани од продажбата на учеснички броеви

за акцијата се наменети за помош на  децата со здравствени потешкотии од социјално загрозените семејства во Охрид и Дебарца

Настанот го модерираше долгогодишниот волонтер на Црвен крст Охрид Даниел Наумоски.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД - АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 10 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно признатa и познатата Бреинобреин програма и во 2019 година нанижа големи успеси.
Единаесет деца од Центарот за развивање на животни вештини БРЕИНОБРЕИН-ЦРВЕН КРСТ ОХРИД кои на 24 ноември 2018 година учествуваа на меѓународниот Бреинобреин натпревар во Дубаи, покрај со бројни награди се стекнаа и со Сертификат за поставен Гинисов рекорд за најголем одржан час по ментална аритметика, со учество на повеќе од 3200 учесници. Сертификатите на БОБ генијалците им беа доделени на 12 мај 2019 г., во Скопје од страна на Мастер франшизерот на Бреинобреин програмата Драгана Гвозденовиќ и тренерот Валентина Кузмановска.

**ТЕАТАРСКИ КЛУБ**

Организацијата на шестото издание на Вдиши Театар започнаа со подготовка на претставата на театарската претстава на Црвен крст Охрид. Со цел пошироко учество на младите со своите актерски таленти во реализација на тетараската претстава се формира театарски клуб во рамки на Црвен крст Охрид во кој голем број млади во текот на три месеци од страна на долгогодишен волонтер на Црвен крст Охрид, дипломиран професор по македонски јазик Јован Цветкоски, преку работилници  стекнуваа нови знаења, вештини и техники за театарско и актерско изразување. Токму тие беа темелот на  претставата ДОМИНО со која Црвен крст Охрид се претстави на ВДИШИ ТЕАТАР во 2019 година. Работилниците се одржуваа два пати неделно и меѓу другото содржеа вежби за концентрација, говор на тело, движење во простор, мимики и гестови, импровизација во простор, театарски игри на говор со тело, пантомима, техника на глас, звук, правилен говор и дикција, контролирање на глас, правилно користење на дијафрагма и дишење, креирање карактер приказна, ситуација и др.. Младите  имаа можност да го искажат својот талент и да дадат свој импут во креирање на театарска приказни кои понатаму ќе се обработат и ќе се прикажат како претстава..

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Во организација на Црвен крст Охрид од 12 до 16 јуни се одржа шестото издание на Аматерскиот младински театарски фестивал ВДИШИ ТЕАТАР 2019. Отворањето на фестивалот на 12.06.2019  го означи настапот на актерската група на Општинска организација Охрид со изведба на претставата IДОМИНОв, а во наредните денови на сцената во предворјето на црквата Св.Софија и НУЦК IГригор Прличевв љубителите на театарот уживаа во оригиналните и креативни театарски претстави во изведба на актерските групи од, Црвен крст Суботица, Црвен крст Крагуевац, Црвен крст Битола и Црвен крст Ужице.
Со музичко-сценскиот перформанс IВДИШИ ТЕАТАР 5в младите на Општинска организација Охрид на креативен начин направија кратка ретроспектива на сите 5 претстави на Општинска организација Охрид кои го отвораа театарскиот фестивал Вдиши Театар од 2014 година и ја најавија овогодинешната театарска претстава на Црвен крст Охрид со наслов IДОМИНОв во режија на Јован Цветкоски, Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц.
Публиката не ги криеше емоциите и воодушевувањето од вештините и креативноста со кои младите талентирани актери аматери на Општинска организација Охрид сликовито ги пренесоа пораките дека животот е како ДОМИНО и кога ќе се случи некој настан, тоа предизвикува да се случи нешто друго, па нешто трето, и така сè со ред, додека не дојде до некоја кулминација од таа серија настани...а животот е полн со настани кои неизбежно се случуваат.

И оваа година Меѓународниот аматерски театарски фестивал IВДИШИ ТЕАТАРв ги исполна очекувањата на организаторот Општинска организација Охрид, а ценејќи според големиот интерес, посетеноста и позитивните реакции и коментари на публиката, овој фестивал е светла точка во охридскиот културен простор.

Кога на тоа ќе се додаде и можноста која младите целосно ја искористија да креираат театарската игра и да ја афирмираат својата талентираност и сплотеност без јазични, или било какви други бариери, силните хумани пораки кои ги упатуваат преку театарските претстави, контактите и врските воспоставени со меѓусебното дружењето во овие четири дена, со право IВДИШИ ТЕАТАРв претставува препознатлив производ и во земјата и во странство, со кој Општинска организација Охрид се гордее.

**ТОЕФЛ**

Во 2019 година се реализираа еденпролетен и еден есенски циклус за подготовка за полагање на испитот за англиски јазик ТОЕФЛ кој беспрекорно ги водеше волонтерот на Американскиот мировен корпус во Македонија Ђаде Паррисх.

**ПРОГРАМА ЗА МЛАДИНСКО ЛИДЕРСТВО**

Новата програма за младите IМлади лидери создаваат иднинав која Црвен крст Охридја реализира во соработка со Американскиот мировен корпус во Македонија, започна со ориентациска сесија на 14.03.2019 г. во просториите на Црвен крст Охрид и истата е со времетраење од 14 недели, а наставата се одвиваше на македонски јазик.

Оваа програма, наменета за ученици од 14-18 години интегрира неделни работилници, екскурзии, развој на проекти и практикум за волонтирање со цел учениците да прераснат во активни граѓански лидери во нивните училишта и заедници. Воедно младите ќе ги зајакнат своите лидерски вештини и како лидери ќе можат да придонесат во развојот на заедницата, како и да стекнат и развиваат вештини за вработливост, чувство за цел и иницијатива, одговорност и ресурси потребни за достигнување на компетитивни работни кариери.

Во рамките на активностите на Програмата за развој на младинско лидерство која се одвива во Црвен крст Охрид, младите лидери беа во посета на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност каде што се запознаа со младински програми за размена, волонтерски активности во рамките на Еразмус+ и програми за учење во странство. Исто така беше посетена и канцеларијата на Мировниот корпус во Македонија каде што младите дознаа повеќе за граѓанското учество, учествувањето во заедницата и волонтерските активности на локално ниво.

Првиот циклус од оваа програма беше успешно реализиран и на ден 20.06.2019 во посета на Црвен крст Охрид беа Директоротот на Мировен корпус Македонија, г-динот Марк Ханнафин и Регионалниот директор за Европа, Медитеран и Азија, г-ѓа Јеаннетте Ђиндон. Споделени беа искуствата од одличната програма а доделени беа и сертификати за предавачите на програмата.

Една од клучните компоненти на програмата Програмата за развој на младинско лидерство која се одвива во Црвен крст Охрид е развојот и реализацијата на општествено-корисен проект од страна на учесниците во оваа програма на Општинска организација Охрид. Користејќи го знаењето за најважните аспекти на еден проект кое го стекнаа во текот на работилницата IПроектен циклусв, младите лидери разработија идеја за разубавување на дворните површини на три основни училишта во Охрид и околината. Целта на овој проект е охридските основци да располагаат со разнобојни содржини за игра и рекреација.

На 13.07.2019 учесниците во програмата IМлади лидери создаваат иднинав започнаа со реализација на нивниот проект. Овој ден беше посветен на основните училишта IГригор Прличевв Ђ Охрид и IЖивко Чингов Ђ Велгошти.

**ДЕТСКИ ЧАС ЗА ПРИКАЗНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Програмата на Црвен крст Охрид IВРЕМЕ Е ЗА КНИГА - ЦХИЛДРЕН СТОPS ХОУРв е креирана за деца на возраст од 4-7 години и има за цел да ја поттикне љубовта кон книгата уште од најмала возраст и да го доближи англискиот јазик преку читање, песна и игра. Во рамките на програмата годишно се реализираат по два циклуси, пролетен и есенски, со времетраење од по 15 недели. Во 2019-та година околу 50 деца ја следеа програмата и имаа можноста да слушаат нови приказни прочитани на англиски јазик, а преведени на македонски јазик, ја користеа можноста да изнајмуваат книги од детската библиотека, како и можноста да ја изразат својата креативност преку изработка на најразлични предмети и фигури. Покрај редовните часови, тимот на програмата, родителите и децата вклучени во пролетниот циклус реализираа едукативна екскурзија во Битола и ја посетија Зоолошката градина, а во есенскиот циклус во соработка со игротеката Вања, иницираа и организираа хуманитарна забава за помош на болно дете со читање книги и куклена претстава.

**СМЕА-ЈОГА**

Смеа и јога за здрав живот практикуваа волонтери и членови на Црвен крст Охрид од возрасните групи преку реализација на бројни работилници што под водство на Јорданка Станковиќ се реализираа во Црвен крст Охрид.

**ХОР А-ЦОРДИС**

Црвен крст Охрид, а воедно и градот Охрид е побогат за уште една музичка содржина. Во рамки на Црвен крст Охрид започна да делува женскиот хор А Цордис. Петнаесет дами под водство на диригентот професор Билјана Николоска, секој понеделник со своите прекрасни гласови, изведуваат познати музички дела. Својот прв јавен настап го имаа во пресрет на Новогодишните празници, на предновогодишниот коктел организиран во просториите на Црвен крст Охрид.

**ВИКИ КЛУБ**

Здружение за умножување на слободни содржини ГЛАМ Македонија од Скопје е непрофитно здружение чија главна цел е развој на Википедија на македонски јазик, што е извор на знаење и информации не само за учениците, туку и за секој човек. Еден од нашите проекти е воспоставување и работа на Вики Клубови низ Македонија, каде ученици од основните и средните училишта се обучуваат за уредување и создавање статии на Википедија на македонски јазик. Со оваа активност, младите се здобиваат со повеќе предности: учат како да се изразуваат писмено, го утврдуваат знаењето на македонскиот јазик, учат превод од странски јазик, учат медиумска писменост, соработка во група и друго.
Од 18.9.2019 година, Вики Клуб Охрид ја продолжува својата работа во просториите на ОО Црвен крст Охрид. Клубот се префрла во нови простории во соработка на ГЛАМ Македонија од Скопје и Црвен крст Охрид како партнер во овој проект.

Википедија на македонски јазик е интернет енциклопедија која што е извор на знаење и информации не само за учениците, туку и за секој човек. Еден од проектите на ГЛАМ Македонија е воспоставување и работа на Вики Клубови низ Македонија, каде ученици од основните и средните училишта се обучуваат за уредување и создавање статии на Википедија на македонски јазик. Со оваа активност, младите се здобиваат со повеќе предности: учат како да се изразуваат писмено, го утврдуваат знаењето на македонскиот јазик, учат превод од странски јазик, учат медиумска писменост, соработка во група и друго.

Одржувањето на средбите на членовите од Вики Клуб Охрид е секоја среда од 13:30 до 14:30 часот, а истите ги води наставник Наташа Неданоска, координатор за образование на ГЛАМ Македонија во Охрид. На средбите во клубот добредојдени се да присуствуваат сите заинтересирани ученици од основните (седмо, осмо и деветто одделение) и средните училишта од Општина Охрид. Членувањето е бесплатно .

Секој кој ќе стане член на овој клуб ќе добие базична обука за уредување на Википедија. Не е задолжително присуство секоја среда, туку, секој член би доаѓал само тогаш кога е претпладне на училиште, после часови. Овој клуб се отвара инспириран од интересот на ученици и родители кои знаат за активностите на Вики Клуб Охрид кој постои од 15 декември 2017 година, но до сега работеше само во просториите на ОУ.ІКочо Рацинв-Охрид. Учениците, откако ќе навлезат во уредувачката способност, најчесто уредуваат од дома, а комуникацијата продолжува мрежно, во групи, каде менторот или постарите членови несебично им помагаат на новите и ги дообучуваат.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА

Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2018 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### ИНТЕНЗИВНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Реализација на заеднички активности со делегации на организации на Црвен крст од Крагуевац, Ужице, Суботица-Србија, Бар-Црна Гора : Аматерски театарски фестивал ІВдиши Театарв
- Во периодот од 6-9 септември 2019 г. театарската група на Црвен крст Охрид беше во посета на Црвен крст Крагуевац, Србија. Во рамки на посетата младите талентирани актери на Општинска организација Охрид, предводени од своите ментори, на 07.09.2019 г. на сцената на театарот Црвен крст Охрид ІЈоаким Вујиќв во Крагуевац ја изведоа театарската претстава ІДОМИНОв, со која во јуни оваа година беше отворен Меѓународниот аматерски театарски фестивал ІВДИШИ ТЕАТАРв. Бројната публика не ги криеше емоциите и воодушевувањето од вештините и креативноста со кои младите талентирани актери аматери на Општинска организација Охрид сликовито ги пренесоа пораките дека животот е како ДОМИНО и кога ќе се случи некој настан, тоа предизвикува да се случи нешто друго, па нешто трето, и така сè со ред, додека не дојде до некоја кулминација од таа серија настани...а животот е полн со настани кои неизбежно се случуваат. Покрај прекрасното дружење, оваа средба на младите во Крагуевац ќе ја зајакне и прошири постоечката соработка на двете организации на Црвен крст, како во делот на театарската уметност, така и во други области на делувањето на Црвен крст.
- 19.04.2019 до 21.04.2019 учество на млади на Младински средби на покана на Црвен крст Крагуевац
- 27.09.2019 до 29.09.2019 учество на млади на Годишните Младински средби БРЕ 2019 на покана на Црвен крст Ужице
- 20.08.2019 до 25.08.2019 учество на млади на Меѓународниот младински камп на покана на Црвен крст Суботица

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои се предвидени со тие прописи.

Во текот на изминатата 2019-та година, Службата за барање на Црвен крст Охрид немаше ниту еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2019 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.